## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА II (КИНЕМАТИКА, ДИНАМИКА И ОСЦИЛАЦИИ)“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЗЛАТКО В. СОВРЕСКИ И Д-Р СИМЕОН СИМОНОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2702-76/14 од 10.12.2013 година на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, донесена на 9. седница одржана на 10.12.2013 година, определени сме за рецензенти на „Збирка задачи - скрипта по предметот Техничка механика II (кинематика, динамика и осцилации)“ од авторите доцент д-р Златко В. Совpески и вонр. проф. д-р Симеон Симеонов. По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис за „Збирка задачи - скрипта по предметот Техничка механика II (кинематика, динамика и осцилации)“ е во согласност и целосно ја покрива Наставната програма по предметот ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА II на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот за којшто е наменета збирката задачи - скрипта се слуша во прв циклус студии, во прва и втора година, втори и трети семестар, на студиските програми Производно машинство и студиската програма Транспорт, организација и логистика во Виница, Штип и Струмица со неделен фонд 2+2+1 (6 кредити). Таква или слична збирка задачи - скрипта досега не е објавена. Материјалот – решените задачи обработени во ракописот се презентирани на крајно концизен и едноставен начин и го воведуваат читателот во основните познавања од оваа област.

Структурата на материјалот е изложена на 119 страници А4 формат групирани во три поглавја и тоа: Кинематика, Динамика и Осцилации. Збирката задачи – скриптата изобилува со слики и дијаграми што овозможува полесно да се разбере и совлада истата од страна на студентите. Првиот дел е кинематика и тематски е претставен на 38 страници, вториот дел е динамика и тематски е представен на 47 страници, а третиот дел е осцилации и истиот тематски е представен на 34 страници.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека ракописот на концизен и едноставен начин ги обработува задачите по предметот Техничката механика II (два), кои се во согласност со Наставниот план и програма на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На Наставно - научниот совет со задоволство му препорачуваме „Збирка задачи - скрипта по предметот Техничка механика II (кинематика, динамика и осцилации)“ од авторите доц. д-р Златко В. Совpески и вонр.проф. д-р Симеон Симеонов да ја прифати за печатење како рецензирана Збирка задачи по Техничката механика II (два) на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Ред. проф. д-р Елизабета Христовска, с.р.**
**Вон. проф. д-р Илиос Емилијан Вилос, с.р.**